# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Втора меѓународна научна конференција
„Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“



**Скопје 30-31 октомври 2014**

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ:** Втора меѓународна научна конференција „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“

Организатор: Институт за дигитална форензика
Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје

Уредник: Проф.д-р Сашо Гелев

Издавач: Универзитет „ЕВРО-БАЛКАН“ Скопје
Република Македонија
www.euba.edu.mk

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

001.3:330/378(497.7)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (2 ; 2014 ; Скопје)
Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија : зборник на трудови / Втора меѓународна научна конференција, Скопје 30-31 октомври, 2014 ; [уредник Сашо Гелев]. - Скопје : Универзитет "Евро-Балкан", 2014. - 575 стр. : илустр. ; 24см

Дел од трудовите на англиски јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4714-11-8

а) Научен развиток - Општествени науки - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 97406218

---

**Сите права ги задржува издавачот и авторите**

# Програмски одбор

- **Проф. Д-р Митко Панов, Универзитет Евро Балкан - Претседател**
- **проф. Д-р Сашо Гелев – Електротехнички факултет Радовиш Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија копретседател**
- **проф. Д-р Павлина Стојанова, Универзитет Евро Балкан копретседател**
- **Проф. Влатко Чингоски, Електротехнички факултет Радовиш Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија**
- **Проф. Д-р Божо Крстајиќ, Електротехнички факултет - Подгорица, Црна Гора**
- **Доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет Радовиш Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија**
- **Проф. Д-р Аристотел Тентов, Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија**
- **Доц. Д-р Марија Календар, Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија**
- **Доц. Д- Атанас Козарев, Европски универзитет Република Македонија- Скопје**
- **Проф. Д-р Атанас Илиев, Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија**
- **Проф. Д-р Тони Стојановски, Австралија**
- **Д-р Зоран Нарашанов, Винер осигурување, Скопје, Република Македонија**
- **Проф. д-р Лада Садиковиќ, Факултет за криминалистика, криминологија и безбедност, Универзитет во Сараево;**
- **Проф. д-р Здравко Скакавац, Факултет за правне и пословне студије, Универзитет УССЕ, Нови Сад;**
- **Доц. д-р Марјан Николовски, Факултет за безбедност,**

| | |
|---|---|
| | **Универзитет Св. Климент Охридски, Битола, Република Македонија** |
| ➢ | **Проф. д-р Гордан Калајџиев, Правен факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија** |
| ➢ | **Д-р Никола Протрка, Полициска академија, Загреб, Република Хрватска** |
| ➢ | **Проф. Д-р Стефан Сименов, Академија за внатрешни работи на Република Бугарија** |
| ➢ | **Доц. Д-р Оџаков Фердинанд, Министерство за одбрана на Република Македонија** |
| ➢ | **Доц. д-р Лидија Раичевиќ, Основно јавно обвинителство за борба против организиран криминал** |

# Организацискиодбор

- Проф. д-р Сашо Гелев, претседател
- Проф. д-р Павлина Стојанова, член
- Доц. Д-р Мимоза Клековска, член
- Доц. Д-р Снежана Черепналковска-Дуковска, член
- Доц. д-р Александар Даштевски, член
- Доц. д-р Вангел Ноневски, член
- Доц. д-р Јорданка Галева, член
- М-р Игор Панев, член
- М-р Маријана Хрисафов, член
- Зорица Каевиќ, член

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| *д-р Роман Голубовски Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Автоматизирање на ЕКГ дијагностика.................................................. | 14 |
| | |
| *д-р Роман Голубовски Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Технички аспекти на автоматизација на биаксијална вибро-платформа.................................................................................... | 22 |
| | |
| *Atanas Kozarev, PhD, European University - Republic of Macedonia* | |
| DEMOCRATIC CONTROL OVER THE SECURITY SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA – CURRENT SITUATIONS AND CHALLENGES................................................................................ | 31 |
| | |
| *д-р Василија Шарац Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Примена на софтверски пакети во проектирање на електрични инсталации.................................................................................. | 37 |
| | |
| *д-р Василија Шарац Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| ПРИМЕНА НА ЛОГО КОНТРОЛЕР ВО УПРАВУВАЊЕ НА МАШИНА АБКАНТПРЕСА СТО-400 ОД АПСПЕКТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДОВЕРЛИВОСТА И БЕЗБЕДНОСТА НА ПОГОНОТ.................................................................................. | 45 |
| | |
| *м-р Маријана Хрисфов, Универзитет "ЕВРО-БАЛКАН" - Скопје* | |
| Новите медиуми и политичките револуции.......................................... | 53 |
| | |
| *м-р Татјана Уланска, м-р Даниела Коцева, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Промените во општеството како причина за семантичка екстензија во современиот македонски јазик............................................................ | 64 |
| | |
| *М-р Александра Ангеловска, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје*<br>*М-р Нада Донева, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје* | |
| Развојот на современите комуникациски технологии и нивното | 69 |

| | |
|---|---|
| влијание на проблемот на сексуална злоупотреба на деца.................. | |
| | |
| *Танкица Таукова, Горан Сачевски, Ѓорги Тасев, Прв Приватен Универзитет ФОН* | |
| Компјутерски криминал, како нова форма на криминал во Република Македонија........................................................................ | 81 |
| | |
| *Д-р Сергеј Цветковски, Д-р Ванчо Кенков, Институт за безбедност, одбрана и мир-Филозофски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје* | |
| Осиромашен ураниум: добивање, карактеристики и примена.............. | 89 |
| | |
| *М-р Јасмина Мишоска* | |
| Платежни картички како инструмент за плаќање во електронското банкарство..................................................................................... | 99 |
| | |
| *М-р Тане Димовски, Агенција за млади и спорт-Влада на РМ* | |
| Интервјуто и наградувањето на вработените како дел од менаџментот на организацијата............................................................ | 104 |
| | |
| *д-р Олга Кошевалиска, д-р Лазар Нанев, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Правен Факултет* | |
| Информатичкиот систем на Европол.................................................... | 113 |
| | |
| *Кире Николовски, Универзитет „Евро-Балкан“*<br>*Александар Петровски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“* | |
| Употребата на ласерската технологија во форензиката....................... | 121 |
| | |
| *Aleksandar Nacev, MA – Directorate for Security of Classified Information,* | |
| The Internet as a terrorist tool for recruitment and radicalization............. | 130 |
| | |
| *д-р Олга Кошевалиска, м-р Елена Иванова, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Правен Факултет* | |
| Шенгенски информациски систем и заштита на податоците во него... | 138 |
| | |
| *Д-р Ванчо Кенков, Д-р Сергеј Цветковски, Институт за безбедност, одбрана и мир-Филозофски факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје* | |
| Операции поинакви од војна- облик на загрозување на безбедноста на малите земји........................................................................................ | 146 |
| | |

| | |
|---|---|
| *Biljana Jakimovska, Ministry of Defence* | |
| INTERNATIONAL COOPERATION IN THE FIELD OF RESCUE AND PROTECTION - PRECONDITION FOR SUCCESSFUL DEALING WITH NATURAL DISASTERS........................................... | 157 |
| | |
| *Мирјана Маневска, Република Македонија* | |
| Симбиотската поврзаност на националниот-безбедносен систем и националниот дипломатски апарат- гаранција за ефикасна заштита на националните интереси..................................................................... | 162 |
| | |
| *д-р Ирена Андреевска, Комерцијална банка АД Скопје* | |
| Технологијата, глобализацијата и феноменот на сиромаштија во современиот свет........................................................................... | 170 |
| | |
| *Daniela Koteska Lozanoska, MSc and Dimitar Stojkovski UIST "St. Paul the Apostle" – Ohrid* | |
| E-banking in the Republic of Macedonia................................................. | 177 |
| | |
| *Anka Trajkovska-Petkoska, PhD, University St. Kliment Ohridski-Bitola, R. Macedonia*<br>*Anita Trajkovska-Broachb), PhD, The Egg Factory, LLC., VA, USA* | |
| Learning Agility - is this really important nowadays? .............................. | 184 |
| | |
| *Илија Насов, МИТ Универзитет- Скопје*<br>*Анка Трајковска Петкоска, Универзитет Св. Климент Охридски-Битола* | |
| Од идеја до реализација – искуства од ЕУ проекти........................................................................................ | 191 |
| | |
| *Гзим Џамбази* | |
| Новите технологии и односот на учениците кон книжевната уметност.................................................................................... | 197 |
| | |
| *м-р Шутова Милица, ФОН универзитет* | |
| Начини на решавање на претходното прашање во парничната постапка.............................................................................................. | 207 |
| | |
| *Borka Tushevska, PhD, Faculty of law University Goce Delcev – Stip* | |
| ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF SEADOCS AND | 218 |

| | |
|---|---|
| BOLERO SYSTEMS IN ELECTRONIC TRANSFER OF BILL OF LADING.......................................................................................... | |
| | |
| *Borka Tushevska, PhD, Faculty of law University Goce Delcev – Stip* | |
| BASIC CAPITAL: COMPARATIVE ASPECTS IN EUROPEAN UNION AND MACEDONIAN LAW..................................................... | 228 |
| | |
| *м-р Зоран Златев , Факултет за информатика – Штип*<br>*д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет - Радовиш*<br>*д-р Владо Гичев , Факултет за информатика – Штип*<br>*Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Дизајн и анализа на експеримент со употреба на Labview.................. | 237 |
| | |
| *м-р Зоран Златев , Факултет за информатика – Штип*<br>*д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет - Радовиш*<br>*д-р Владо Гичев , Факултет за информатика – Штип*<br>*Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Мониторинг и процесирање на сеизмички сигнали користејки Labview.......................................................................................... | 245 |
| | |
| *Д-р Татјана Николова Маневска* | |
| Трендови во опкружувањето и нивното влијание во менаџментот на човечки ресурси во Република Македонија........................................... | 253 |
| | |
| *Д-р Татјана Николова Маневска* | |
| Стратегиски системи за оценување на перформансите на вработените.......................................................................................... | 261 |
| | |
| *Изет Хусеин, Селма Биберовиќ, Универзитет „Евро-Балкан“ – Скопје* | |
| Извори на сајбер закани...................................................................... | 270 |
| | |
| *Селма Биберовиќ, Изет Хусеин, Универзитет „Евро-Балкан“ – Скопје* | |
| Етичко хакирање и зголемување на компјутерската безбедност.......................................................................................... | 277 |
| | |
| *Зорица Каевиќ, ОУ „Ѓорѓија Пулевски“, Скопје*<br>*Д-р Ненад Крстевски, МЕПСО – Македонски електро преносен систем оператор* | |

| | |
|---|---|
| *Д-р Сашо Гелев, Универзитет „Гоце Делчев“, Македонија – Штип,* | |
| Дигитална форензија на мобилни телефони.......................................... | 284 |
| | |
| *м-р Марија Амповска, Универзитет "Гоце Делчев" Штип* | |
| Правна и институционална рамка на нуклеарната енергија во Р.Македонија............................................................................... | 297 |
| | |
| *Ass.Prof. Aleksandar Tudzarov “Goce Delcev” University – Shtip* | |
| 5G Mobile Networks: the User-side Approach........................................ | 310 |
| | |
| *Ass.Prof. Aleksandar Tudzarov “Goce Delcev” University – Shtip,* | |
| Next Generation Mobile Networks Architecture...................................... | 322 |
| | |
| *Д-р Гордан Јанкуловски, Универзитет Евро-Балкан* | |
| Влијанието на научно - технолошкиот развиток во областа на правото, економијата во Република Македонија од областа на електронско банкарство.......................................................................... | 328 |
| | |
| *Д-р Гордан Јанкуловски, Универзитет Евро-Балкан* | |
| Влијанието на научно - технолошкиот развиток во областа на правото, економијата во Република Македонија од областа на е - бизнис............................................................................................. | 336 |
| | |
| *М-р Маја Кукушева Панева, М-р Билјана Читкушева Димитровска, Томче Велков, Проф. Д-р Влатко Чингоски, Електротехнички Факултет- Радовиш Универзитет Гоце Делчев- Штип, Р. Македонија* | |
| FEMM како Едукативна Алатка за Решавање на Проблеми од Електромагнетизам.............................................................................. | 344 |
| | |
| *Стоимен Стоилов, Горан Боримечковски, Николче Петковски, Универзитет „Евро-Балкан“ – Скопје* | |
| Значење на компјутерската форензија при собирање на дигитални докази и справување со сајбер криминалот........................................... | 351 |
| | |
| *Мимоза Клековска, Универзитет „Евро-Балкан“ – Скопје*<br>*Цвета Мартиновска, Факултет за информатика – Штип* | |
| Одредување на личниот идентитет врз основа на ракописот како биометриска идентификација................................................................ | 359 |

| | |
|---|---|
| *Д-р Ненад Крстевски, МЕПСО*<br>*Зорица Каевиќ, Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје*<br>*д-р Фердинанд Оџаков Министерство за одбрана* | |
| Методи на идентификација на маскирани непознати сторители на казниви дејства........................................................................................ | 367 |
| | |
| *м-р Марија Амповска, м-р Димитар Апасиев*<br>*Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Правен Факултет Кочани* | |
| Еволуција на ноксалната одговорност од римското право во одговорност за друг во современото македонско право...................... | 378 |
| | |
| *Васко Милевски, АД Електрани на Македонија, Скопје, Македонија*<br>*Влатко Чингоски, Електротехнички Факултет, Универзитет Гоце Делчев- Штип,* | |
| Енергетски Пасивни Објекти за Домување.......................................... | 389 |
| | |
| *д-р Зоран Димитровски, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип* | |
| Технички решенија за зголемување на безбедноста и сигурноста при експлоатација на тракторите во јавниот сообраќај........................ | 397 |
| | |
| *д-р Зоран Димитровски, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип* | |
| Трагични последици при сообраќајни несреќи со трактори во Р.Македонија........................................................................................ | 405 |
| | |
| *м-р Александар Соколовски, Неотел*<br>*д-р Сашо Гелев, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип Електротехнички факултет - Радовиш* | |
| Мобилна автентификација на корисници со модерни криптографски методи........................................................................................... | 413 |
| | |
| *д-р Ана Дамјановска* | |
| Научно – технолошкиот развој како компонента од Европскиот буџет и значењето на истиот за Република Македонија како земја со статус кандидат за членство во Европската унија............................... | 423 |
| | |
| *д-р Методија Дојчиновски, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, Република Македонија*<br>*м-р Ивица Даневски, Министерство за одбрана на Република Македонија* | |

| | |
|---|---|
| Регионализам и социјален идентитет во контекст на националната безбедност........................................................................................... | 430 |
| | |
| *Ивана Гелева, Република Македонија*<br>*Д-р Ристо ,Христов, Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје* | |
| Дизајн и 3D печатење...................................................................... | 441 |
| | |
| *д-р Костадин Дуковски* | |
| Форензика во сметководство................................................................ | 450 |
| | |
| *д-р Александар Даштевски, Универзитет „Евро- Балкан“ – Скопје* | |
| Традицијата обичаите и менталитетот како основ за дискриминација во дел од земјите во југоисточна европа................... | 457 |
| | |
| *м-р Силвана Жежова, д-р Ацо Јаневски, д-р Киро Мојсов, д-р Дарко Андроников,*<br>*Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Технолошко-технички факултет* | |
| Мода и брендирање на текстилните производи.................................. | 465 |
| | |
| *Филип Пејоски, Бујар Хусеини, Универзитет „ЕВРО-БАЛКАН“*<br>*д-р Сашо Гелев, Универзитет Гоце Делчев -Штип* | |
| Можности и предизвици од влијанието на Cloud Computing врз Дигиталната Форензика...................................................................... | 475 |
| | |
| *Ана Кироска, Владимир Ончески, Универзитет „Евро-Балкан“ – Скопје* | |
| Идентификација преку физиолошки биометриски карактеристики.... | 484 |
| | |
| *Aleksandar Grizhev, PhD, Ministry of defense, Republic of Macedonia* | |
| The Religious Fundamentalism and the Role of the Internet..................... | 495 |
| | |
| *м-р Марјана Хрисафов , м-р Игор Панев, Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје* | |
| Е-владеење-предизвик на модерните демократии............................... | 502 |
| | |
| *Ѓорѓи Лазаревски, Елена Лазарова, Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје* | |
| Користење GPRS технологија во спречување злоупотреба на фискалните уреди......................................................................... | 510 |
| | |

| | |
|---|---|
| *Ѓорѓи Лазаревски, Елена Лазарова, Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје* | |
| Банкарски аспекти во борбата против злоупотреба на платежни картички во Република Македонија..................................................... | 519 |
| | |
| *д-р Лидија Раичевиќ Вучкова, Универзитет „Евро Балкан“ - Скопје* | |
| Јавниот обвинител во кривично-правниот систем................................ | 527 |
| | |
| *Д-р Павлина Стојанова, Универзитет „Евро Балкан“ - Скопје*<br>*Д-р Ленче Петреска, Република Македонија*<br>*Д-р Сашо Гелев, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Влијание на информационите технологии врз подобрување на конкурентноста на претпријатијата...................................................... | 537 |
| | |
| *Д-р Ленче Петреска, Република Македонија*<br>*Д-р Павлина Стојанова, Универзитет „Евро Балкан“ - Скопје*<br>*Д-р Сашо Гелев, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип* | |
| Развојот на социјалните медиуми и нивното влијание врз е-бизнисот........................................................................................... | 547 |
| | |
| *Драган Караџовски, Европски Универзитет Република Македонија, Скопје*<br>*Лорита Оџакова, Универзитет ЕВРО-БАЛКАН, Скопје* | |
| Дигитален потпис......................................................................... | 555 |
| | |
| *Miroslava Kortenska, Ph.D.*<br>*South-Western University “Neofit Rilski” , Blagoevgrad* | |
| Bulgarian Poet Peyo K. Yavorov (1878–1914) – Broadening his Cultural and Historical Legacy......................................................................... | 565 |
| | |
| *Валентина Гоцевска* | |
| Неолибералниот концепт во време на информациската револуција во Република Македонија после осамостојувањето............................ | 568 |

удк: 343.543-053.2:[004.77:004.39

***М-р Александра Ангеловска,***
*Правен факултет „Јустинијан Први“,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје*
*Република Македонија*

***М-р Нада Донева,***
*Правен факултет „Јустинијан Први“,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје*
*Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип*
*Република Македонија*

# Развојот на современите комуникациски технологии и нивното влијание на проблемот на сексуална злоупотреба на деца

***Апстракт:*** *Сексуалната злоупотреба на деца, дефинирана како облик на абнормално сексуално однесување на возрасен што се состои во злоупотреба на деца во претпубертетска возраст заради задоволување на полови страсти и потреби, претставува исклучително деструктивна социо - патолошка и криминогена појава која во многу манифестни форми ги загрозува елементарните човекови права. Станува збор за комплексна проблематика, чие целосно разјаснување претпоставува одговор на голем број меѓусебно поврзани прашања и темелна анализа на постојната состојба, која не е ни малку охрабрувачка. Ова особено ако се земе предвид фактот, дека во последните неколку години сексуалното злоставување и експлоатација на деца се наметна како исклучително сериозна општествена опасност, а обидите на општеството да ја заузда, не ги надминаа границите на просечноста. Во поново време, проблемот добива на значење со забележливиот напредок на современите информатички и комуникациски технологии кои во голема мера се наметнаа како криминоген фактор во сексуалната злоупотреба на деца и придонесоа за продуцирање на нови облици на сексуален криминалитет на штета на децата. Масовното вклучување на децата во електронските комуникации, покрај позитивните страни, продуцира и потенцијален ризик да станат жртви на компјутерска детска порнографија, а истовремено е сериозен индикатор за нивно вклучување во други облици на сексуална злоупотреба и експлоатација.*

*Цел на ова научно истражување е утврдување на влијанието на информатичките технологии врз конкретната состојба на сексуален криминалитет на штета на децата, како и истакнување на потребата од темелно и недвосмислено креирање на правната рамка за заштита на децата од различни облици на сексуална злоупотреба и продуцирање на детска порнографија, засилена грижа за создавање на побезбедна интернет средина за најмладите и создавање на институционална мрежа која ќе обезбеди соодветен пристап во решавањето на проблемот. При истражувањето, користени се: методот на анализа, социолошкиот метод, case - study методот, компаративниот и дијалектичкиот метод.*

***Клучни зборови:*** *Дете, Сексуална злоупотреба на деца, Интернет технологии, Детска порнографија, Законска регулатива.*

***Abstract:*** *Child sexual abuse, defined as a form of abnormal sexual behavior of an adult or older adolescent, who is abusing prepubescent children for satisfying their sexual desires and needs, is extremely destructive socio - pathological and criminogenic phenomenon, which in many forms encroaches on the elementary human rights. It is about a complex issue, whose complete clarification means answer to a numerous interrelated questions and thorough analysis of the current situation, it is far from encouraging. Considering the fact that in the past few years, the sexual abuse and the exploitation of children has emerged as an extremely serious social threat, the attempts of the society to rein it back, have not exceeded the limits of mediocrity. Nowadays, the issue gains importance with the perceived progress of modern information and communication technologies, and those in large extent foist as a crime factor in the child sexual abuse and contribute to the production of new forms of sexual criminality to the detriment of the children. Massive involvement of the children in the electronic communications, despite the positives, produces a potential risk of becoming victims of the computer child pornography and at the same time, is a serious indicator of their involvement in other forms of sexual abuse and exploitation.*

*The purpose of this scientific research is to determine the impact of information technologies on the actual state of the sexual criminality to the detriment of the children, as well as highlighting the need for thorough and undoubtedly creation of the legal framework to protect the children from various forms of sexual abuse and producing child pornography, increased care and safer online environment for the youngest and also creating an institutional network that will provide an appropriate approach for solving the problem. In this research, were used: the method of analysis, the sociological method, the case - study method, the comparative method and the dialectical method.*

***Keywords:*** *Child, Child sexual abuse, Internet technologies, Child pornography, Legislation.*

## ВОВЕД

Постојаната модернизација и усовршување на технологијата и нејзиното непрекинато инкорпорирање во секојдневните човекови односи, му поставува обврска на новото општество - справување со феноменот на сексуалната експлоатација и облиците на сексуално злоупотребување на децата, како нус - појава на неконтролираниот и нерегулиран пристап до содржините и сериозна закана за општеството во целина, поради што мора континуирано да се изнаоѓаат нови, соодветни превентивни мерки и механизми за негово спречување и натамошно ширење. Бројните статистики потврдуваат дека покрај позитивните страни, напливот на современите технологии во изминатата деценија продуцираше паралелен пораст на бројот на случаи на педофилија чии жртви се деца кои претходно биле подведувани од страна на злоставувачот преку некое средство за комуникација, користејќи ги можностите за лажно претставување и прикривање на сопствениот идентитет. Сосема

евидентен е и порастот на случаи на детска порнографија на интернет[1] и нејзино дистрибуирање, а развојот на информатичките технологии и активното присуство на децата на интернет мрежата и други средства кои овозможуваат виртуелни комуникации, доведе и до појава на нови модернизирани облици на детска проституција. Ова доволно зборува за фактот дека современите комуникациски технологии во изминатата деценија се наметнаа како комплексна појава, која до сега се покажа како прилично резистентна на општествените мерки и напори за сузбивање на сексуалниот криминалитет на штета на децата. Впрочем, повеќе е веројатно дека тешкотиите во сузбивање на сексуалниот криминалитет на штета на децата, не произлегуваат толку од неговите нови и различни по својата форма појавни облици, туку од промената на начинот на извршување на кривичните дела, односно промената на modus operandi во вршењето на делата.

## 1. Детската порнографија, педофилијата и интернетот

И покрај тоа што придобивките од интернетот несомнено ги надминуваат негативните аспекти од неговата употреба, сосема е јасно дека корисниците сѐ почесто се изложени на опасноста од online вознемирување, подведување и злоставување, како и штетни и непристојни содржини од различна природа. Ваквите опасности и загрозувања се особено штетни за најмладите корисници на современите алатки за социјално поврзување и контактирање.[2] Една од нив е детската порнографија, како вознемирувачка појава која генерира растечка загриженост во последните години соодветно на употребата на интернетот. Детето е потенцијална жртва на детска порнографија на интернет како случаен гледач или преку сопствени активности, односно како субјект на фотографии достапни на интернет.[3] Детската порнографија на која детето може да биде изложено, е во форма на текст, слика или комуникација преку Internet relay „chat rooms“ - „виртуелните простории за разговор“, кои се особена закана, дозволувајќи му на корисникот да се сокрие зад лажен идентитет или возраст и на тој начин многу лесно да го доведе детето во искушение да ги даде вистинските лични податоци, што може да доведе до ситуација на експлоатација преку реално вклучување во проституција и/или порнографија. Најголема загриженост предизвикува леснотијата со која порнографскиот материјал станува достапен, се зачувува и распространува на интернет.

---

[1] Детската порнографија е еден од најбрзо растечките бизниси кои може да се водат online, а како што минува времето, порнографските содржини кои се нудат на интернет стануваат сѐ позастрашувачки, при што видно е значително намалување на старосната граница на деца кои се вклучуваат во експлицитни сцени за потребите на порнографската индустрија. Според годишниот извештај на Internet Watch Foundation во 2008 година, пронајдени се 1.536 домени на индивидуална злоупотреба на деца. Оваа бројка до денес е двојно зголемена. Особено загрижува фактот што сѐ повеќе расте бројот на корисници на комерцијални web - страни за злоупотреба на деца на кои постојано се објавуваат слики со најтешки видови злоупотреба на деца, вклучувајќи сексуални активности помеѓу деца и возрасни, садизам, мазохизам и други полови изопачености, http://www.enough.org/inside.php?tag=statistics#3.

[2] Elena Martellozzo, *Online child sexual abuse: Grooming, policing and child protection in a multi - media world* (New York: Routledge, 2012), 27.

[3] Ofelia Calcetas - Santos, „Child Pornography on the Internet“ во *Child Abuse on the Internet: Ending the Silence*, уредник Carlos A. Arnaldo (Paris: The United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, 2001), 57.

Станува јасна перцепцијата дека најопасниот облик на сексуално злоставување на деца - child grooming[4], односно процесот на зближување со дете од страна на возрасен во насока на придобивка на неговата и довербата на неговото семејство со намера за негово сексуално искористување, најчесто се практикува преку интернет. Сторителот на дело на сексуална експлоатација на овој начин, најпрвин ја разделува жртвата од нејзините врсници, обично со поттикување на чувство кај детето дека тој е посебен за него, давајќи му ја на детето љубовта која му е потребна. Поаѓајќи од фазите на дејствување[5], станува збор за постепен, пресметан процес, кој ги внесува децата во свет во кој тие се веќе подготвени на сексуална злоупотреба. Отакако ќе се случи сексуална злоупотреба, сторителите дејствуваат во насока на одржување на континуираното учество на детето и на неговиот молк, со цел детето да не се повлече од врската, односно тоа се соочува со закани дека врската ќе заврши и ќе се стави крај на емоционалните и материјалните добра кои произлегуваат од неа, како разните подароци кои детето ги добива од злопотребувачот, специјалните излети и сл.[6]

## 2. Проблемот на сексуална експлоатација на деца во меѓународните документи

Присутноста на проблемот на сексуална експлоатација и сексуалното злоставување на деца на меѓународно ниво, го прави универзален и токму затоа едногласни се сфаќањата дека се потребни заеднички напори за негово надминување и кодифицирање на националните законодавства во согласност со бројните меѓународни документи со кои се уредува оваа проблематика. Токму заради тоа, потребата од меѓународна соработка која ќе овозможи глобален и сестран пристап на проблемот, е еден од основните предуслови за борба против овој вид криминалитет. Конвенцијата за правата на детето[7] и Факултативниот протокол кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија[8], се основата на речиси сите документи од меѓународен карактер со кои се предвидува потребата од заштита на децата од секаков вид злоупотреба. Потребата за издвојување на детските права во посебен документ, како што е Конвенцијата, е наметната од повеќе причини, а пред сè заради тоа што децата се посебни индивидуи кои го започнуваат својот живот како целосно зависни, особено ранливи на злоупотреба и експлоатација, а дејствувањето (или недејствувањето) на државата влијаат врз нив многу посилно отколку врз која и да е друга група во општетството.[9] Со неа се обврзуваат државите потписнички да ги преземат сите потребни национални, билатерални и

[4] Се работи за процес на намерно преземени активности со цел спријателување и воспоставување емоционална врска со детето и намалување на неговите инхибиции во насока на сексуално злоупотребување. Зближувањето може да се користи за намамување на дете во трговија со деца и во недозволените бизниси, како што се детската проституција или производството на детска порнографија, а ваквото однесување е особено карактеристично за педофилијата.

[5] Child grooming процесот се остварува низ следниве фази на дејствување од страна на возрасниот во однос на детето: 1. Одбирање на жртвата; 2. Стекнување на довербата на жртвата; 3. Исполнување на потребите на детето; 4. Изолирање на детето; 5. Унапредување на сексуалноста на врската; 6. Одржување на контрола.

[6] http://www.oprah.com/oprahshow/Child-Sexual-Abuse-6-Stages-of-Grooming

[7] United Nations, *Convention on the Rights of the Child,* 1989.

[8] United Nations, *Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the Sale of Children, Child Pprostitution and Child Pornography*, 2000.

[9] Регионална канцеларија на UNICEF за Централна и Источна Европа и Заедницата на независни држави (CEE/CIS), *Правата на децата и работата на новинарите - осврт од аспект на правата на децата* (Даблин: UNICEF - Институт за технологија, 2007), 13-14.

мултилатерални мерки за спречување на наведување или принуда на децата да учествуваат во која и да е незаконска активност; искористување на децата за проституција или други сексуални дејствија и искористување во порнографски претстави и материјали.[10] Тоа во голема мера е под влијание на фактот дека овие опасни практики станаа неверојатно распространет глобален феномен, особено со доаѓањето на олеснетите комуникации и туризмот, како еден вид дополнение на негативната страна на процесот на глобализација, нагласен со проблемот на транснационален криминал и поврзан со факторите на понудата и побарувачката.[11]

Еден од темелните меѓународни документи со кои се обработува проблемот на сексуална експлоатација на децата и влијанието на интернетот како едно од последните достигнувања на технологијата, е Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.[12] Суштинска цел на конвенцијата е формирање на концизна нормативна рамка во националните законодавства на државите потписнички, која ќе го поттикне креирањето на политики за соочување и полесно надминување на проблемот на сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба на деца. Во контекст на тоа предвидена е обврска за секоја држава потписничка да го инкриминира производството и дистрибуцијата на детска порнографија, нејзиното нудење, дистрибуирање, набавување, поседување и добивање на пристап до детска порнографија преку информатички телекомуникациски технологии.[13] Потребата од реакција за спречување и санкционирање на сексуалната злоупотреба на деца предизвикана од силното влијание на комуникациските технологии, сосема јасно се наѕира во член 23 од Конвенцијата - „Нудење на деца за сексуални цели". Во овој член е предвидено дека е потребно да се инкриминира секој намерен предлог на полнолетно лице преку комуникациски и информациони технологии за средба со малолетник, со цел извршување дело на сексуална злоупотреба предвидено со Конвенцијата, кога ваквиот предлог е проследен со материјални акти што водат кон таква средба.

Конвенцијата за компјутерскиот криминал[14] е уште еден документ кој заслужува внимание при разработка на проблематика од ваков вид. Толкувањето на одредбите од Конвенцијата недвосмислено потврдува дека приоритетно прашање кое се уредува со неа, е потребата од заедничка криминална политика насочена кон заштита на човештвото од компјутерски криминал, преку негување и унапредување на меѓународната соработка и усвојување на законска регулатива усогласена со основните начела и принципи на Конвенцијата. Токму во овој документ, на најавтентичен начин е утврдена потребата од реакција против негативните или странични ефекти што

---

[10] United Nations, *Convention on the Rights of the Child*.
[11] Vitit Muntarbhorn, „Article 34: Sexual Exploitation and Sexual Abuse of Children", во *A Commentary on the United Nations Convention on the Rights of the Child,* уредници André Alen и др. (Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 2007), 1.
[12] Council of Europe, *Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse*, 2007.
[13] Член 20 од Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 5 октомври 2010 година со Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, објавен во Службен весник на Република Македонија 135/2010.

[14] Council of Europe, *Convention on Cybercrime,* 2001.

произлегуваат од дигитализацијата, конвергенцијата и континуиранaта глобализација на компјутерските мрежи.[15] Меѓу другото, Конвенцијата изрично предвидува обврска за државите потписнички да ги предвидат како кривични делата поврзани со детска порнографија. Обврската за инкриминација се однесува на производство, нудење, дистрибуирање, набавка и поседување на детска порнографија во компјутерски систем кој служи за чување на компјутерски податоци.

## 3. Кривично - правна уреденост на сексуалната експлоатација на деца во РМ

Свеста за општествената опасност од сексуална експлоатација и насилство врз децата, наметна потреба за започнување со процес на преземање мерки и активности, пред сè во доменот на законската регулатива со која се уредува оваа област, со цел да се даде координиран и сеопфатен одговор на проблемот. Во насока на исполнување на обврските од ратификувањето на меѓународните документи и остварување на поставената цел - евроинтеграција, која претпоставува хармонизација на домашното законодавство со законодавството на државите членки на ЕУ, законодавецот изврши измени на КЗ, при што значително ги заостри казните кои се однесуваат на кривични дела на сексуално насилство сторени врз малолетни лица, односно казните се зголемени дури два пати и се предвидени казни затвор од 12 и 15 години, а предвидена е и казна доживотен затвор. Кривичниот законик на Република Македонија во 2008 година[16], доби неколку нови дефиниции на поими чие законско врамување и регулирање е резултат на сè поголемото инволвирање на децата во криминални дејствија, а особено преку лесно достапните и нецензурирани содржини, чие пласирање медиумите не успеваат да го контролираат и направат недостапно за најранливата категорија - децата. Придвижувајќи се кон одговор на барањата на модерното општество и неговите облици на поврзување и комуникација помеѓу луѓето, во овој контекст и најмалите, Законот за изменување и дополнување на КЗ од 2008 година, внесува дефиниција и на поимите детска порнографија[17], компјутерски систем[18] и компјутерски податоци[19].

Она на што се дава особен осврт во трудот, е изложеноста на најранливата категорија - децата на ризикот од употребата на комуникациските средства во секојдневието и нејзиното брзо преточување во злоупотреба на истите и инфилтрирање на децата во бројката на криминалитет, која

[15] Од преамбулата на Конвенцијата за компјутерски криминал, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија со Закон за ратификација на Конвенцијата за компјутерски криминал, објавен во Службен весник на Република Македонија 41/2004.

[16] Со донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија* 7/2008.

[17] Според член 122, став 21 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија* 7/2008, под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник, или очигледни полови дејствија со лице кое изгледа како малолетник, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник.

[18] Според член 122, став 21 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија* 7/2008, под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.

[19] Според член 122, став 21 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија* 7/2008, под компјутерски податоци се подразбира презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутерски систем, вклучувајќи и програма подобна компјутерскиот систем да го стави во функција.

останува темна во голем дел. Во оваа смисла, опфатени се оние кривични дела чиј број во статистичките податоци за вкупноста на криминалитетот на ниво на државата е значително зголемен пропорционално на развојот на технологијата и нејзиното незауздано зафаќање во најголем дел од времето на поединецот, а особено на децата штом ќе го надмине контекстот на нормално искористување на интернет ресурсите. Непрекинатото заострување на казните за извршителите на кривичното дело од член 191 од КЗ - Посредување во вршење на проституција, го отсликуваат сериозниот пристап на законодавецот кон исполнување на принципот на генерална превенција и спречување на вршење на овој вид на криминалитет, поради растот на неговата бројка со употребата на комуникациските средства.[20] Конзистентен на своите определби кон редуцирање на овој облик на криминалитет, а особено кон сузбивање на вклучувањето на децата во облиците на социо - патолошки појави како проституцијата, порнографијата и во нивни рамки разните злоупотреби на детето и негово оквалификување како жртва на кривично дело, КЗ ја збогатува својата содржина со ново кривично дело. Имено, согласно еволутивниот тренд на кривичното законодавство, условено од евидентниот пораст на случаи во кои како жртви на сексуална злоупотреба во сите нејзини облици се јавуваат децата, Законот за изменување и дополнување на Кривиниот законик од 2014 година[21], со додавање на нов член 191 - а со наслов „Детска проституција", го пополнува недостатокот од постоење на ваква одредба, која произлегува од обврските предвидени со Конвенцијата за правата на детето.[22] Кривичното дело од член 193 од КЗ - „Прикажување на порнографски материјал на дете", ја збогатува својата содржина со постојани измени во однос на санкциите и нивното определување во врска со возраста на детето - жртва на кривично дело. Во согласност со член 193 став 2 од КЗ, ако делото е сторено преку средства за јавно информирање, сторителот ќе се казни со затвор од три до пет години. Производството и дистрибуцијата на детска порнографија, претставува особено опасен облик на поттикнување на сексуално насилство спрема деца и развивање на ниски сексуални нагони (педофилија), кои во никој случај не може да се подведат под слободата на половото определување и половите односи.[23] Доследен на правецот во кој ги започна новините, пред сè со воведување на поимите детска порнографија и компјутерски систем во општите одредби, КЗ измените ги продолжува во посебниот дел и во оваа смисла, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2008 година, воведува нова инкриминација како посебно кривично дело во одредбите на член 193 - а со наслов „Производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем", која претрпе измени во насловот и содржината веќе со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2009 година. Внесувањето на оваа

---

[20] Член 7 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на весник на Република Македонија* 7/2008, ја зголеми долната граница на казнување за основниот облик на делото од шест месеци на една година, па според тоа, тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лица на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција, ќе се казни со затвор од една до пет години.

[21] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на весник на Република Македонија* 27/2014.

[22] Член 34 од Конвенцијата за правата на детето, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија со Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на детето, објавен во Службен лист на СФРЈ 15/1990.

[23] Владо Камбовски, *Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија* (Скопје: Матица Македонска, 2011), 795.

инкриминација во казненото законодавство е во линија на усогласување на нашето законодавство со документите кои во најголема мера ги уредуваат овие облици на дејствување и е резултат на бурното реагирање на јавноста на ваквите деликти, но и на подигањето на свеста на луѓето за нивната штетност и опасност и за потребата од засилена кривично - правна заштита на жртвите на овие дела, посебно на малолетниците, меѓу другото и со вакви ultima ratio инструменти кои му стојат на располагање на општеството/државата, делувајќи на планот на специјалната и генералната превенција.[24] Во насока на оправдување на генералниот заклучок дека законите што се однесуваат на сексуалната злоупотреба на деца се добро поставени[25], е и дополнувањето на КЗ од 2009 година[26].

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА, ПРЕВЕНЦИЈА И ПРЕПОРАКИ

Според податоците со кои располага ECPAT International[27], околу 1,8 милиони деца се експлоатираат во проституција или порнографија ширум светот и се верува дека речиси 80% од трговијата со луѓе низ целиот свет има за цел нивна сексуална експлоатација, а повеќе од 20% од жртвите се деца. Оваа организација, како најгласна во своите определби и заложби, се обидува да ја поттикне светската заедница да се осигура дека децата насекаде во светот, уживаат во нивните основни права слободно и безбедно од сите форми на сексуална експлоатација.[28]

Република Македонија, засегната од порастот на повреди на правата на децата и инволвирана во процесот на имплементација на меѓународните одредби, ќе побара да се приклучи кон три меѓународни асоцијации кои се борат против овие опасности и загрозувања.[29] Ваквите меѓународни поврзувања ќе придонесат за координиран пристап кон предизвикот заедно со меѓународните асоцијации, со што ќе се зголеми можноста за поголем позитивен резултат. Од прегледот на домашното законодавство, забележителен е забрзаниот процес на донесување на нови закони, како и

[24] Оливер Бачановиќ, „Кривични дела на штета на малолетни лица", во *Годишник на полициската академија*, уредници Цане Мојаноски и др. (Скопје: Полициска академија, 2007/2008), 3.

[25] Виолета Чачева и Стојанка Мирчева, *Запоставени и жигосани - Анализа на состојбата: Сексуална злоупотреба на деца* (Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ, 2010), 60.

[26] Член 49 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на весник на Република Македонија* 114/2009, како новина во казненото законодавство на Република Македонија, го инкриминира закажувањето средба или на друг начин намамувањето дете кое не наполнило 14 години на обљуба или друго полово дејствие или на производство на детска порнографија преку компјутерско - комуникациски средства и остварувањето непосредна средба со малолетникот со таквата намера и за сторителот предвидува казна затвор од една до пет години.

[27] **ECPAT** (End Child Prostitution, Child Pornography and Trafficking of Children for Sexual Purposes), е невладина организација и глобална мрежа на општествено - граѓански организации посветени исклучиво на прекинување на комерцијалната сексуална експлоатација на деца (CSEC), која се состои од Секретаријат и 80 организации членки во 75 држави, формирана во 1990 година во Бангкок, Тајланд, како тригодшна кампања фокусирана на прекинување на комерцијалниот аспект на сексуална злоупотреба на деца. Нејзината работа е фокусирана на прекинување на четирите основни манифестации на CSEC: детска порнографија, експлоатација на деца во проституција, трговија со деца за сексуални цели и детски секс - туризам.

[28] http://www.ecpat.net/what-we-do

[29] Република Македонија ќе побара вклучување во: Програмата за Побезбеден Интернет на Европската Комисија со потпишување на билатерален договор; Инсафе центарот, како мрежа одговорна за координирање на активностите, размена на искуства, организирање на обуки и информации помеѓу членовите поврзани со подигање на свеста кај населението, промовирање на позитивните вредности на интернетот, обележување на Денот за побезбеден интернет; Меѓународната мрежа на интернет хотлајн провајдери ИНХОПЕ, како координатор на работата на интернет хотлајните и која дава одговор на нелегалните содржини, со единствена цел да го зачува интернетот побезбеден (формирана во 1999 година, со 40 хотлајни на глобално ниво и поддржана од Програмата за побезбеден интернет на Европската Комисија).

измена и дополнување на веќе постоечките, што главно се должи на процесот на евроинтеграција кој наметнува потреба од усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди.[30] Ангажманот на државата за обезбедување на заштита на правата на децата од сексуални злоупотреби овозможени преку средствата за комуникација, е јасен и се огледува низ поконкретни активности на Владата на РМ токму во сферата на заштита на деца и млади од нелегални содржини, загрозувања и активности кои постојат на интернет.[31] Тргнувајќи од ваквата состојба, државата пристапува кон основање на Центар за побезбеден интернет на национално ниво, чија форма ќе биде утврдена во консултации со целото општество и генерално ќе ги содржи следниве правци:
1. Формирање на Национален Интернет Провајдер, кој ќе и нуди на јавноста анонимен начин на пријавување на нелегални интернет содржини, вклучувајќи материјали со сексуална злоупотреба на деца; 2. Формирање на Советодавен одбор со претставници од Владата, НВО и бизнис секторот, медиумите, компјутерските и мобилни оператори, како структура одговорна за креирање на политиките на Националниот Интернет Хотлајн Провајдер, креирање на националите стратегии за подигање на свеста итн.; 3. Отворање на Линија за помош, која ќе помогне да се дојде до релевантните информации, да се зголеми знаењето на родителите и децата за самозаштита, ќе им дава инструкции на лицата кои сакаат да пријават детска порнографија на интернет, ќе понуди основна емотивна поддршка на лицата чии деца биле изложени на порнографија на интернет и 4. Формирање на Центар за подигање на свеста кај локалното население, како одговорен за креирање на национални стратегии за подигање на свеста кај деца, млади, родители и наставници.

Под напливот на сексуалната експолатација на деца, Интернет компаниите и провајдери на сервиси, користат технологија за откривање на слики со содржина на детска порнографија, која е развиена од страна на Microsoft и е наречена PhotoDNA. Технологијата работи на начин што ги означува сликите преку нивна детална анализа, по што тие или нивни копии лесно можат да бидат препознаени на серверите.[32] Во контекст на напорите за спречување на кршење на правата на најмладите, на државно ниво подготвена е и ставена е во употреба web - страна за пријавување на случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија. Јавноста треба да се информира и да се буди нејзината свест и преку специфично обмислени кампањи и образовни програми. Притоа, државата треба да обезбеди соодветни ресурси (финансиски и човечки) за остварување на ваквите програми, а професионалците кои работат со децата жртви на злоупотреба и насилство да добијат соодветна

[30] Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето, *Извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија* (Скопје: Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“, 2012), 20.
[31] Во текот на месец Август 2012 година, Владата на Република Македонија, започна со реализација на Проект за заштита на деца од интернет злоупотреби, со кој преку формирање на тела и органи, преку серија на мерки и активности, а во координирана општествена акција, ќе се дејствува во насока на намалување на опасностите и штетните влијанија врз децата и младите, ќе се санкционираат прекршителите на законите и ќе се мобилизираат потенцијалите за правилно искористување на интернетот.
[32] Во текот на месец Август, Google и помогнал на полицијата во Хјустон да го уапси Џон Хенри Скилерн, 41, под сомнение дека поседува детска порнографија. Токму Google го известил Центарот за исчезнати и злоупотребени деца за присуство на експлицитни слики во неговото mail сандаче, кои пак ја известиле полицијата да обезбеди налог за апсење (осомничениот пред 20 години бил осуден за сексуален напад врз дете и веќе и бил познат на полицијата).

обука за откривање, известување и постапување при случаи на злоупотреба на деца.[33] Во овој поглед, во однос на правната рамка и креирањето политики за заштита на деца од секаков вид сексуална злоупотреба, треба да се изработат подзаконски акти или службени упатства (насоки, правилници и прирачници) кои ќе ги уредат постапките кога се работи со деца жртви на сексуална злоупотреба. Овие акти треба да даваат јасни дефиниции за улогата и надлежноста на секоја институција која може да биде вклучена во спречување и заштита на децата од сексуална злоупотреба.[34]

## CONCLUSIONS, PREVENTION AND RECOMMENDATIONS

According to the data available to ECPAT International[29], there are as many as 1.8 million children exploited in prostitution or pornography worldwide and it is believed that nearly 80% of all human trafficking all over the world is for sexual exploitation, with over 20% of the victims children. This organization, as vociferously in its goals and commitments, seeks to ensure that children everywhere enjoy their fundamental rights free and secure from all forms of commercial sexual exploitation.[30]

Affected by the rise in violations on the rights of children and as involved in the process of implementation of international regulations, Macedonia will seek to join three international associations fighting against these dangers and threats.[31] Such international connections will contribute to a coordinated approach to the challenge with the international associations, which will increase the possibility of gaining positive results. The review of our national legislation, shows an accelerated process of adopting new laws and amending existing ones, due to the process of European integration which requires harmonization of the national legislation with international standards.[32]

The effort of the state to ensure the protection of children from sexual abuse enabled through the electronic communication is clear and is reflected through concrete actions of the Government in the field of protection of children and young people from illegal content, threats and activities available online.[33] Considering this situation, the state approaches to the establishment of a Centre for Safer Internet within the state, whose form will be determined in consultation with the entire society and generally will include the following directions: 1. Establishment of National Internet Service Provider, which will offer the public anonymous way of reporting illegal online content, including materials with sexual abuse of children; 2. Formation of Advisory Board with representatives from Government, NGOs and the business sector, media, computer and mobile operators, as a structure responsible for policy - making at the National Internet Hotline Provider, creating national strategies to raise awareness etc.; 3. Opening a Helpline, which will: help people to get relevant informations, increase the knowledge of parents and children for self - protection, lead those who want to report child pornography on the internet and offer basic emotional support to people whose children were exposed to pornography on the internet and 4. Formation of Center for raising awareness among local population, as responsible for creating national strategies among children, youth, parents and teachers.

---

[33] Борче Давитковски, *Компаративен преглед на домашното законодавство и Конвенцијата за правата на детето*, (Скопје: Министерство за правда, 2010), 43.

[34] Чачева и Мирчева, *Запоставени и жигосани - Анализа на состојбата: Сексуална злоупотреба на деца*, 61.

Under the surge of child sexual exploitation, Internet companies and service providers, use technology for detection of images containing child pornography, which is developed by Microsoft and is called PhotoDNA. The technology works in a way that marks the images through their detailed analysis, and after that, they or their copies can easily be recognized on the servers.[34] In line with the efforts to prevent violations of the rights of the youngest, nationwide it is prepared and in use a web - site for reporting cases of child sexual abuse and pedophilia. The public should be informed through specific campaigns and educational programs and the state should provide adequate resources (financial and human) to realize these programs, so the professionals who work with child victims, should receive appropriate training on detecting, reporting and treatment in cases of child sexual abuse.[35] Regarding this, in terms of the legal framework and policy - making for protecting children from any kind of sexual abuse, by-laws or official guidelines (directions, regulations and manuals) which would regulate procedures whose subjects are child sexual abuse victims and provide clear definitions of roles and competencies of each institution involved in protection against child sexual abuse, should be prepared and implemented.[36]

**БИБЛИОГРАФИЈА**


[1] Бачановиќ, Оливер. „Кривични дела на штета на малолетни лица“. Во Годишник на полициската академија, уредници Цане Мојаноски, Оливер Бачановиќ, Снежана Никодиновска Стефановска, Фросина Ташевска Ременски, Марина Малиш Саздовска, и Искра Аќимовска Малетиќ, 1 - 19. Скопје: Полициска академија, 2007/2008.

[2] Calcetas - Santos, Ofelia. „Child Pornography on the Internet“. Во Child Abuse on the Internet: Ending the Silence, уредник Carlos A. Arnaldo, 57 - 61. Paris: The United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, 2001.

[3] Давитковски, Борче, Гордана Бужаровска, Гордан Калајџиев, Дејан Мицковиќ, и Александра Груевска - Дракулевски. Компаративен преглед на домашното законодавство и Конвенцијата за правата на детето. Скопје: Министерство за правда, 2010.

[4] Камбовски, Владо. Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија. Скопје: Матица Македонска, 2011.

[5] Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето. Извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија. Скопје: Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“, 2012.

[6] Martellozzo, Elena. Online child sexual abuse: Grooming, policing and child protection in a multi - media world. New York: Routledge, 2012.

[7] Muntarbhorn, Vitit. „Article 34: Sexual Exploitation and Sexual Abuse of Children“. Во A Commentary on the United Nations Convention on the Rights of the Child, уредници André Alen, Johan Vande Lanotte, Eugeen Verhellen, Fiona Ang, Eva Berghmans, и Mieke Verheyde. Boston: Martinus Nijhoff Publishers, 2007.

[8] Регионална канцеларија на UNICEF за Централна и Источна Европа и Заедницата на независни држави (CEE/CIS). Правата на децата и работата на новинарите - осврт од аспект на правата на децата. Даблин: UNICEF - Институт за технологија, 2007.

[9] Чачева, Виолета, и Стојанка Мирчева. Запоставени и жигосани - Анализа на состојбата: Сексуална злоупотреба на деца. Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ, 2010.

[10] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Службен весник на Република Македонија 7/2008.

[11] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Службен весник на весник на Република Македонија 114/2009.

[12] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Службен весник на весник на Република Македонија 27/2014.

[13] Council of Europe. Convention on Cybercrime 2001.

[14] Council of Europe. Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse 2007.

[15] United Nations. Convention on the Rights of the Child 1989.

[16] United Nations. Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the Sale of Children, Child Pprostitution and Child Pornography 2000.

[17] http://www.ombudsman.mk/mk/zashtita_na_pravata_na_decata/pravna_ramka/domashno_zakonodavstvo.aspx

[18] http://www.enough.org/inside.php?tag=statistics#3.

[19] http://www.oprah.com/oprahshow/Child-Sexual-Abuse-6-Stages-of-Grooming

[20] http://www.ecpat.net/what-we-do

[21] http://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/crc.aspx

[22] http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/OPSCCRC.aspx

[23] http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/185.htm